Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 март 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање на Главен координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

### Член 1

Со оваа одлука се формира Главен координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 (во натамошниот текст Главен координативен кризен штаб) и се определуваат неговите задачи, составот и начинот на неговата работа.

### Член 2

Главниот координативен кризен штаб се формира како оперативно тело за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

### Член 3

Главниот координативен кризен штаб ги врши следните задачи:

- изготвување заклучоци, мерки и препораки за органите на државната управа, за правните лица основани од државата, како и за единиците на локалната самоуправа и координирање на извршувањето и спроведувањето на нивните законски утврдени надлежности врз основа на доставени извештаи, записници и предлози од овие институции, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

- предлагање заклучоци, мерки, активности и препораки до органите на државната управа, до правните лица основани од државата, како и до единиците на локалната самоуправа;

- следење на динамиката на реализација и имплеметација на заклучоците, мерките и препораките донесени од Владата на Република Северна Македонија;

- давање насоки на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во функција на координирање, организирање, имплементирање и операционализирање на заклучоците, мерките, активностите и препораките на Владата на Република Северна Македонија и

- врши други задачи добиени од Владата на Република Северна Македонија во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Член 4**

Членови на Главниот координативен кризен штаб се:

— претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
— замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
— министерот за одбрана;
— министерот за надворешни работи
— министерот за внатрешни работи;
— министерот за здравство;
— министерот за транспорт и врски;
— министерот за финансии;
— министерот за економија;
— министерот за образование и наука;
— директорот на Центарот за управување со кризи и
— директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 5**

Со работата на Главниот координативен кризен штаб раководи претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како раководител на Главниот координативен кризен штаб.

Во отсуство на раководителот на Главниот координативен кризен штаб, со истиот раководи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, како заменик на раководителот на Главниот координативен кризен штаб.

**Член 6**

Во работата на Главниот координативен кризен штаб, по потреба, на предлог на раководителот, заменикот на раководителот или членовите на Главниот координативен кризен штаб, може да бидат вклучени и други функционери / избрани и именувани лица, како и административни службеници и стручни лица за одделни прашања кои ќе бидат предмет на разгледување од страна на Главниот координативен кризен штаб.

**Член 7**

Административно техничките работи за потребите на Главниот координативен кризен штаб ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**Член 8**

Главниот координативен кризен штаб ќе се состанува најмалку еднаш неделно, а по потреба и почесто.

**Член 9**

За својата работа, Главниот координативен кризен штаб изготвува записник кој го доставува до Владата на Република Северна Македонија, по секој одржан состанок.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 44-2147/3-1**
**14 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**